Врз основа на член 89-о став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000, 17/2003 и 65 /2004), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ САМОСТОЈНО ВРШАТ РАБОТИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА КАКО ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водење на евиденција на физички лица кои самостојно вршат работи од социјална заштита како професионална дејност, кои се однесуваат на советувалишна работа, домашна нега и помош на поединец и семејство и сместување лице во згрижувачко семејство (во понатамошниот текст: работи од социјална заштита како професионална дејност).

Член 2

Евиденцијата на физичките лица кои вршат работи од социјална заштита како професионална дејност содржи: реден број; име и презиме на носителот на дејноста; единствениот матичен број на граѓанинот; седиште (место, улица и број); број и дата на решението за издадена дозвола за вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност; видот и содржината на работите од социјална заштита кои ги врши како професионална дејност; подрачјето на работење; датумот на отпочнување со работа; промена на седиштето; промена на видот и обемот на услугите кои ги пружа на корисниците; промена на подрачјето на работење; привременото престанување на вршење на работите од социјална заштита како професионална дејност; престанок на вршење на работите од социјална заштита како професионална дејност и забелешка.

Член 3

Евиденцијата од член 2 на овој правилник се води рачно или електронски.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-1188/3
30 март 2005 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Стевчо Јакимовски,** с.р.